Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.19/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.19/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.19/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.7004 м.в.„Турски Гробишта" култура нива со новоформирани кп.бр.7004/2 во површина од 393 м2 со право на сопственост на Блажо Најдов од Кавадарци со стан на ул.,,Љубашка" бр.19, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-107 од 05.09.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба - дел од ул.„Лазо Асијата" предвидени со ДУП за УЕ „Лазо Асијата" 2001-2006 согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-214/2022 од 18.01.2022 година изработен од „Геодата Инженеринг" ДООЕЛ Кавадарци.

2.Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Блажо Најдов од Кавадарци со стан на ул.,,Љубашка" бр.19 од Кавадарци, износ од 1.107,00 ден./м2 односно за 393 м2 надоместок во вкупен износ од 435.051,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 21.840,00 денари согласно доставен трошковник.

3. Противникот е согласен надоместокот во вкупен износ од 435.051,00 денари, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во

рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 21.840,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на трансакциската сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.19/23.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.19/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4475/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.20/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.15649 м.в.„Лазо Асијата“ култура зз со новоформирани кп.бр.15649/2 во површина од 5м2 и кп.бр.15649/3 во површина од 86м2 со право на сопственост на Бранко Нацев од Кавадарци со стан на ул.,,Слога“ бр.8, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-100 од 20.09.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба - дел од ул.„Лазо Асијата“ предвидени со ДУП за УЕ „Лазо Асијата“ 2001-2006 согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-214/2022 од 18.01.2022 година изработен од „Геодата Инженеринг“ ДООЕЛ Кавадарци.

2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Бранко Нацев од Кавадарци со стан на ул.,,Слога“ бр.8 од Кавадарци, износ од по 1.107 ден./м2 односно за 91 м2 надоместок во вкупен износ од 100.737,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 21.840,00 денари согласно доставен трошковник.

3. Противникот е согласен надоместокот во вкупен износ од 100.737,00 денари, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 21.840,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на трансакциската сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.20/23.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.20/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4475/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.21/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.15650 м.в.„Лазо Асијата“ култура гнз со новоформирана кп.бр.15650/2 во површина од 146 м2 со право на сосопственост и тоа од по ½ на Бранко Нацев од Кавадарци со стан на ул.,,Слога“ бр.8 и Сузана Златева од Кавадарци ул.,,Прилепска“ бр. 5, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-99 од 21.10.2022 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба - дел од ул.„Лазо Асијата“ предвидена со ДУП за УЕ „Лазо Асијата“ 2001-2006 согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-214/2022 од 18.01.2022 година изработен од „Геодата Инженеринг“ ДООЕЛ Кавадарци.
2. Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противниците Бранко Нацев од Кавадарци со стан на ул.,,Слога“ бр.8 од Кавадарци и Сузана Златева од Кавадарци ул.,,Прилепска“ бр. 5, износ од по 1.107 ден./м2 односно за 146 м2 надоместок во вкупен износ од 161.622,00 денари или по 80.811,00 денари за секој од противниците, како и трошоци на постапката во вкупен износ од 43.680 денари или по 21.840,00 денари за секој од полномошниците на противниците согласно доставен трошковник.
3. Противниците се согласни надоместокот во вкупен износ од 161.622,00 денари или по 80.811,00 денари за секој противник, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да му го исплати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците, а процесните трошоци во вкупен износ од 43.680,00 денари или по 21.840,00 денари за секој од полномошниците на противниците да ги плати во истиот рок, на трансакциска сметка на полномошниците на противниците.
4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.21/23.
5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.21/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4475/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.17/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените странки кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.17/23 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште на кп.бр.7576/2 м.в.„Глувчовец“ култура гнз во површина од 616 м2 со право на заедничка сопственост на Ценов Петар, Ценов Александар и Ценов Борче сите од Кавадарци со стан на ул.,,25 ти Мај“ бр.7 согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-233 од 08.02.2023 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, за градење на објект од општа употреба - дел од ул.„Мишо Митрев“ предвидена со ДУП за „Коњски Дупки“ 2000-2005 согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички план нумерички податоци во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-104/2021 од 18.08.2022 година изработен од ДГРИ„ГЕОДАТА ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Кавадарци.

2.Странките на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противниците Ценов Петар, Ценов Александар и Ценов Борче сите од Кавадарци со стан на ул.,,25 ти Мај“ бр.7, износ од по 1.353 ден./м2 односно за 616 м2 надоместок во вкупен износ од 833.448,00 денари како и трошоци на постапката во износ од 51.542,00 денари согласно доставен трошковник .

3. Противниците е согласни надоместокот во вкупен износ 833.448,00 денари, предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да им го исплати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциска сметка на противниците а процесните трошоци во износ од 51.542,00 денари да ги плати во истиот рок, на трансакциска сметка на полномошнкот на противниците.

4.Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.17/23.

5.Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените странки изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.17/23 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4475/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,

**Бр.09-4689/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се даде во закуп недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште запишана на Имотен лист број 306 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-6660/2023 од 09.06.2023 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ"бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и бр.101/19) и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда – В4–8, влез 1, кат – приземје, со вкупна внатрешна површина од 54 м2.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот изработен од ТП за вештачење и процена Д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен, со деловоден бр.01-75 од 16.06.2023 година и истата е во износ од 320.975,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 1.605,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 6.420,00 денари.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за недвижната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;
- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се дава во закуп за период од 10 (десет) години.

**Член 5**

Закупецот недвижната ствар од член 1 на оваа одлука не може да ја дава во подзакуп.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-4475/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање на управување и заштита на ,,12 бисти посветени на Ваташките Младинци,,**
**на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на управување и заштита на ,,12 бисти посветени на Ваташките Младинци,, на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска Закон за заштита на културно наследство („Сл.Весник на РМ" бр.: 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18), Решение за издавање заштитно конзерваторски услови со арх.бр.УП.бр.08-156 од 08.06.2023 година, Записник за примопредавање на објект со арх.бр.19-2719/23 од 05.07.2023 година, и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на управување и заштита на ,,12 бисти посветени на Ваташките Младинци,, на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава на управување и заштита на ,,12 бисти посветени на Ваташките Младинци,, на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци
и тоа:

- 12 бисти посветени на  Ваташките  Младинци лоциран на КП.бр.2426/1 , КО Ваташа, со вкупна вредност од 1.935.200  денари со ДДВ.

**Член 2**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор за уредување на мегусебните односи со ЈОУ  Локален Музеј Галерија Кавадарци, во врска со давањето на  недвижната  ствар од член 1.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се  објави во,, Службен  гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-4475/12** **СОВЕТ  НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р  Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50  став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник  на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање на трајно управување и  користење без надомест на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на трајно управување и  користење без надомест на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесена  на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 3  став 2 и член 42 став 1   од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18  и ,,Сл.весник на РСМ“бр. 101/19 и 122/21), Записник за примопредавање со арх.бр.19-2720/27 од 07.07.2023 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година,  донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно управување и користење и на недвижна ствар-**
**без надомест на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци дава на трајно управување и користење, без надомест, на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци и тоа:

-,,Спомен кука на 12 Ваташки Младинци,, лоцирана на дел од КП.бр.2430 и дел од КП.бр.2428 КО Ваташа, со вкупна вредност од 1.353.130 денари со ДДВ.

**Член 2**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор за уредување на мегусебните односи со ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, во врска со давањето на недвижната ствар од член 1.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во,, Службен гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-4475/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година на подрачјето на Општина Кавадарци.

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година.

**Член 2**

На секое семејство кое го запишало своето дете –прваче во основно училиште на територијата на Општина Кавадарци во учебната 2023/2024 година на кое еден од родителите е жител на Општина Кавадарци, ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 2 .500,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на обезбедени податоци од општинските основни училишта за запишани првачиња во 2022/2023 година на територијата на Општина Кавадарци,

Податоците за запишани првачиња треба да содржат име и презиме на првачето со матичен број, копија од лична карта од еден родител и копија од трансакциона сметка на родителот.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за образование и спорт во Општина Кавадарци да ги обезбеди податоциоте од член 3 став 2 на оваа Одлука најдоцна до 05.09.2023 година.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со арх.бр.бр.08- 4946/8 од 12.08.2022 година и бр. 08-5263/7 од 25.08.2022 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци“ бр.20/22 и 21/22).

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4475/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 39.284,00 денари како и останати трошоци согласно закон, во постапката за ликвидација на мешовита Установа од областа на културата-Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО Кавадарци.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ке се уплатат на сметка на мешовита Установа од областа на културата-Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО Кавадарци.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-4475/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на**
**Јавна Општинска установа**
**-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на Јавна Општинска установа-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002 ), а во врска со член 42 од Законот за установите (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 32/05, 120/05 и 51/11 ,,Сл.Весник на РСМ,, бр.95/22 ), член 82 став 1 точка 29, од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на**
**Јавна Општинска установа**
**-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ РАЗРЕШУВА** Јаким Зимоски член на Управниот Одбор на Јавна Општинска установа-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци, именуван со Решение со арх.бр.08-3155/1 од 15.06.2020 година, по негова Оставка со арх.бр.08-4391/1 од 04.07.2023 година.

За член на Управниот Одбор на Јавна Општинска установа-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци **СЕ ИМЕНУВА** :

1. Ѓорѓи Илов;

**Член 2**

Мандатот на именуваниот член во Управниот Одбор на Управниот Одбор на Јавна Општинска установа-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци, трае до истек на мандатот на Управниот Одбор каде се именува, 27.05.2024 година.

**Член 4**

Решението да се достави до именуваниот, Управниот Одбор на Јавна Општинска установа-Локален Вински музеј за регион Тиквеш- Кавадарци и архива на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4475/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Решение за изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002 ), а во врска со член 12 од Законот за музеите (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 64/04...39/2016 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр.103/21 ),, член 82 став 1 точка 29, од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**изменување и дополнување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци**

**Член 1**

Во Решението за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци со арх.бр.08-1789/83 од 15.03.2022 година, се врши следната измена и дополнување:

Се разрешува Јаким Зимоски -член на Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци претставник од редот на вработените во Управниот Одбор, поради поднесена писмена оставка.

За член на Управниот Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци претставник од редот на вработените, СЕ ИМЕНУВА :

1. Раде Атанасов.

**Член 2**

Мандатот на именуваниот од член 1 став 2 на ова Решение во Управен Одбор на ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци, трае заклучно со мандатот на Управниот Одбор каде се именува, 24.03.2026година.

**Член 3**

Решението да се достави до именуваните, ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решенето влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објавуви во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-4475/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на**
**ЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесено на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), а во врска со член 26 и член 26-а и член 17-ѓ

став 2 алинеја 1 од Законот за јавни претпријатија (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 38/96....35/19 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр.275/19 и 89/22), член 93 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05…75/21), Записник од Комисија за мандатни прашања, избори и именувања бр. 4522/2 од 13.07.2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на**
**ЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешува Милица Андова - член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, именувана со Решение со арх.бр.08- 733/36 од 24.12.2021 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.5/21), по нејзино барање со арх.бр.08-4266/1 од 27.06.2023 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-4475/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл.Весник на РМ,, бр.27/14...198/18 и ,,Сл.Весник на РСМ,, бр. 143/19 и 14/20), член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ" бр.275/19..... 274/2022), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишен план со арх.бр.01-1323/1 од 10.07.2023 година за вработување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2024 година, донесен од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-4475/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазев Климе" Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазев Климе" Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ"бр.27/14....198/18 и ,,Сл.весник на РСМ" бр.143/19...14/20) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од

Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазев Климе“ Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазев Климе“ Кавадарци за 2024 година со арх.бр.04-221/1 од 06.07.2023 година, донесен од Директорот на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазев Климе“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-4475/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ“бр.27/14....198/18 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.143/19...14/20) , член 82 точка 31 и член 132 став 1 од

Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишен План за вработување на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци за 2024 година со арх.бр.01-127/1 од 04.07.2023 година, донесен од Директорот на ЈОУ Библиотека “Феткин“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-4475/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.07.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на Јавно претпријатие за превоз на патници,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за период од 01.04.2023-30.06.2023 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на Јавно претпријатие за превоз на патници,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци за период од 01.04.2023-30.06.2023 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.07.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-4689/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.07.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....275/2022), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр. 8/05....75/21), расправајќи по Извештајот за работењето на Јавно претпријатие за превоз на

патници,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.04.2023-30.06.2023 година,

Советот на Општина Кавадарци на 30-та седница, одржана на ден 14.07.2023 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за работењето на Јавно претпријатие за превоз на патници,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.04.2023-30.06.2023 година**

